Република Македонија

МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

ДО ГЕНЕРАЛНИОТ СЕКРЕТАР
НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Име на материјалот: Предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за комуналните такси

ЕПП бр. __________

Усогласеност со Годишната програма на Владата:

**Усогласеност со член 68 од Деловникот за работа на Владата:**
ДА √ ДЕЛУМНО НЕ

**Предлог на која седница на Влада да се разгледа материјалот:**
На наредна седница

**Карактер на материјалот:**

- слободен пристап √
- ограничена употреба
- класифицирана информација (државна тајна, строго доверливо, доверливо, интерно);

**Итност на материјалот:** Не

**Прилог:**

- Меморандум
- Предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за комуналните такси
- Образец за проценка на фискалните импликации

**Дата на доставување на материјалот:___.___.2012** година

ЗАМЕНИК ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДА И
МИНИСТЕР ЗА ФИНАНСИИ
**м-р Зоран Ставрески**

Изготвиле: Ристе Тодоровски
Марина Димоска
Контролирал: Борче Смилевски
Одобрил: Сузана Стојмироска
Согласен: Наташа Стојмановска

*Република Македонија*

МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

# *М Е М О Р А Н Д У М*

Предлог на
Закон за изменување и дополнување на
Законот за комуналните такси

ЗАМЕНИК ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДА И
МИНИСТЕР ЗА ФИНАНСИИ
м-р Зоран Ставрески

ПОТПИС:

Скопје, 2012 година

**1. Осврт на материјалот:** Со предлогот на Законот за изменување и дополнување на Законот за комуналните такси се предлага пропишување на основ со кој ќе се овозможи комуналната такса за користење на простор за паркирање на патнички моторни возила, товарни моторни возила, автобуси и приколки на јавни паркиралишта да се утврдува во процентуален износ од цената на наплатената услуга.

**2. Разгледани можни решенија (за-против аргументи):** нема

**3. Резултати од извршените консултации со ресорните министерства, другите органи на државната управа и организации:** Предложените законски решенија се резултат на соработката и консултациите со Заедницата на единиците на локалната самоуправа (ЗЕЛС).

**4. Дали материјалот содржи елементи на државна помош:** ДА НЕ√

**Дали е донесена одлука на Комисијата за заштита на конкуренцијата за компатибилноста на државната помош:** ДА НЕ√

**5. Изјава за усогласеност на прописот со законодавството на Европската Унија (во прилог)**

**6. Усогласеност со преземените обврски од ратификуваните меѓународни договори):**

**7. Решение кое се препорачува (со образложение):**

Причините и целите за изготвувањето на овој закон се дадени во образложението содржано во предложениот текст на законот.

**8. Фискални импликации на материјалите што се предлагаат:** нема

**9. Очекувани влијанија:**

**10.Оценка на Секретаријатот за законодавство по материјалот:** ДА НЕ

**11. Клучни елементи за информирање на јавноста:**

МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

ПРЕДЛОГ НА

ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА
ЗАКОНОТ ЗА КОМУНАЛНИТЕ ТАКСИ

Скопје, 2012 год.

ВОВЕД:

I.ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Со Законот за комуналните такси е пропишано плаќање на комуналните такси за користење на определени права, предмети и услуги од јавен интерес од локално значење од страна на правните и физичките лица кои вршат дејност и од граѓаните. Комуналните такси се плаќаат според Тарифата за комунални такси која што е составен дел на овој закон. Висината на комуналните такси со одлука ја утврдува советот на општината, советот на општините во Градот Скопје и Советот на градот Скопје. Комуналните такси се плаќаат за секоја фирма, односно назив на деловна просторија, користење на површини во кампови за подигање на шатори и друга привремена употреба, користење на просторот пред деловните простории за вршење на дејност, истакнување на реклами, објави и огласи на јавни места, користење на музика во јавните локали, поставување на витрини за изложување на стоки надвор од деловните згради, користење на плоштадите и друг простор во градовите и другите населени места со цел за изложување предмети, приредување изложби и други забавни приредби за вршење на дејност, користење на простор за паркирање на патнички моторни возила, товарни моторни возила и нивните приколки и автобуси што за таа цел ќе ги определи општината, користење на улиците со патнички, товарни моторни возила, автобуси, специјални возила и моторцикли и користење и одржувањње на јавно осветлување.

Комунална такса за користење на простор за паркирање на патнички моторни возила, товарни моторни возила, автобуси и приколки на јавни паркиралишта е пропишана во тарифниот број 8 од Тарифата за комунални такси, и истата се утврдува на следниот начин:

- за паркирање на патнички возила на јавни паркиралишта од 15 до 30 денари/дневно и од 10 до 20 денари по саат;
- за паркирање на товарни моторни возила и автобуси од 50 до 100денари/дневно и
- за паркирање на приколки од 20 до 50 денари/дневно.

Во однос на наплатата на комуналната такса за користење на простор за паркирање на патнички моторни возила, товарни моторни возила, автобуси и приколки на јавни паркиралишта, законот пропишува дека истата ја врши правното лице на кое му е доверено организирањето и одржувањето на паркинг-плацот и ја уплатува на соодветната уплатна сметка во рамките на трезорската сметка за општината, за општините во градот Скопје и за градот Скопје на чие подрачје е извршена наплатата.

Досегашните искуства на единиците на локалната самоуправа укажуваат на проблеми во однос на наплатата на оваа јавна давачка со оглед на тоа дека истата значително ја зголемува цената за користење на јавните паркиралишта. Поради ова, се предлага комуналните такси за користење на јавните паркиралишта да се утврдуваат во процентуален износ од висината на цената за користење на јавните паркинг - простори.

На овој начин истовремено ќе се подобри наплатата на оваа комунална такса и ќе се зголемат приходите на единиците на локалната самоуправа.

Од наведените причини, има потреба и се предлага изменување и дополнување на Законот за комуналните такси.

## II.ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Основна цел на предложеното изменување и дополнување на Законот за комуналните такси е да се овозможи висината на комуналната такса за користење на простор за паркирање на патнички моторни возила, товарни моторни возила, автобуси и приколки да се утврдува во процентуален износ, со што ќе се овозможи подобрена наплата на овој вид на комунални такси.

## III.ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА.

Предлогот за изменување и дополнување на Законот за комуналните такси не предизвикува фискални импликации во Буџетот на РМ.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИН НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведувањето на предложените изменувања и дополнувања не е потребно обезбедување на финансиски средства, ниту материјални обврски за одделни субјекти.

# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
## за изменување и дополнување на
## Законот за комуналните такси

Член 1

Во Законот за комуналните такси ("Службен весник на Република Македонија", број 61/04, 64/05 и 92/07), во членот 5 по став (4) се додава нов став (5) кој гласи:

"Комуналната такса за користење на простор за паркирање од членот 3 став (1) точка 8 на овој закон се утврдува во процентуален износ од цената на наплатената услуга за користење на просторот за паркирање."

Член 2

Во членот 20, во Тарифата за комуналните такси, во тарифиниот број 8 ставот 1 се менува и гласи:

"За користење на просторот за паркирање на патнички моторни возила, товарни моторни возила, автобуси и приколки на јавни паркиралишта се наплаќа комунална такса во висина од 10% до 20% од цената на наплатената услуга за користење на просторот за паркирање."

Член 3

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во "Службен Весник на Република Македонија".

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГ ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА КОМУНАЛНИТЕ ТАКСИ

## I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГ ЗАКОНОТ

Со овој Предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за комуналните такси, се врши дополнување на членот 5 од постојниот закон, со цел да се овозможи комуналната такса за користење на простор за паркирање на патнички моторни возила, товарни моторни возила, автобуси и приколки на јавни паркиралишта да се утврдува во процентуален износ од цената на наплатената услуга. Во оваа насока, се врши и измена во Тарифата за комуналните такси, во Тарифиниот број 8, во насока на промена на начинот на утврдување на комуналната такса која се наплатува за користење на просторот за паркирање на патнички моторни возила, товарни моторни возила, автобуси и приколки на јавни паркиралишта. Имено, овој вид на комунална такса чија висина согласно постојниот закон е утврдена во апсолутен износ, со предложеното решение се предвидува да се утврдува и наплатува во висина од 10% до 20% од цената која се наплатува за услугата за користење на просторот за паркирање.

## II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Со измените и дополнувањата на Законот за комуналните такси се вршат измени на законските одредби во делот со кој се уредува начинот на утврдување на комуналната такса за користење на простор за паркирање на патнички моторни возила, товарни моторни возила, автобуси и приколки.

Предложените решенија се меѓусебно поврзани бидејќи се однесуваат на иста правна работа.

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со предложените изменувања и дополнувања на Законот за комуналните такси ќе се овозможи континуирана и навремена наплата на комуналната такса за користење на просторот за паркирање која претставува приход на единиците на локалната самоуправа.

ТЕКСТ НА ОДРЕДБИТЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДАНОЦИТЕ НА ИМОТ КОИ СЕ ИЗМЕНУВААТ И ДОПОЛНУВААТ

Член 5

(1) Комуналните такси се утврдуваат во еднаква висина за сите обврзници кои вршат иста дејност или занимање, односно за сите обврзници од иста категорија.

(2) Висината на комуналната такса не може да се определува според вредноста на предметот, извршениот промет или остварениот приход.

(3) Комуналната такса за фирма, односно назив од членот 3 став 1 точка 1 на овој закон се утврдува различно по видови дејности.

(4) Комуналните такси од членот 3 став (1) точки 2, 3 и 6 на овој закон се утврдуваат по метар квадратен корисна површина.

Тарифен број 8

За користење на просторот за паркирање на моторни возила:

| | |
|---|---|
| - паркирање на патнички возила на јавни паркиралишта - дневно | од 15 до 30 |
| - по саат | од 10 до 20 |
| -паркирање на товарни моторни возила и автобуси-дневно | од 50 до 100 |
| - паркирање на приколки-дневно | од 20 до 50 |

Наплатата на таксата ја врши правното лице на кое му е доверено организирањето и одржувањето на паркинг - плацот и ја уплатува на соодветната уплатна сметка во рамките на трезорската сметка за општината, за општините во градот Скопје и за градот Скопје на чие подрачје е извршена наплатата.

# *ОБРАЗЕЦ ЗА ПРОЦЕНКА НА ФИСКАЛНИТЕ ИМПЛИКАЦИИ НА ПРЕДЛОГ ПРОПИСИТЕ И ОПШТИТЕ АКТИ ДОСТАВЕНИ ДО ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА НИВНО УСВОЈУВАЊЕ*

| | | |
|---|---|---|
| •1. Назив на предлогот:<br>Предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за комуналните такси | •Министерство / орган на државна управа :<br>**Министерство за финансии** | |
| Со Предлогот на Законот за изменување и дополнување на Законот за комуналните такси ќе се овозможи висината на комуналната такса за користење на простор за паркирање на патнички моторни возила, товарни моторни возила, автобуси и приколки да се утврдува во процентуален износ, со што ќе се овозможи подобрена наплата на овој вид на комунални такси. | •Вид на предлог:<br>Предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за комуналните такси | |
| •Контакт лице и звање:<br>**Сузана Стојмироска**<br>**Раководител на Сектор за даночна и царинска политика** | •Контакт тел./факс или е-пошта:<br>**тел. 3 106 681** | |

•Активност: **Усвојување на Предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за комуналните такси**

| | | | |
|---|---|---|---|
| •Вид на барање: | ( ) Регулатива во врска со ЕУ<br>( ) Друга нова регулатива | ( ) Нова програма<br>( ) Зголемување / намалување на постоечка програма | ( ) Прераспределба (на средства) помеѓу две програми<br>( ) Спојување на две или повеќе програми |

Цел на барањето / предложената активност: /

Врска со владината програма:

| •Фискални импликации: | (иљјади денари)<br>Тековна год. | во 2013 год. | во 2014 год. | во 2015 год. |
|---|---|---|---|---|
| •Вкупни трошоци за предлогот<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | --- | --- | --- | --- |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| •Одобрени средства за предлогот<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | --- | --- | --- | --- |
| •Промена (разлика) од одобрените средства (Б-А)<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | --- | --- | --- | --- |
| •Расположиви средтства од прелевање (од други активности или програми во органот)<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | --- | --- | --- | --- |
| •Нето имликации на средствата на органот (Ц-Д)<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | --- | --- | --- | --- |
| •Зголемување / намалување на приходите | | --- | --- | --- |
| •Дополнителни извори на финансирање или споделување на трошоците<br>Извор:<br>____________________________ | --- | --- | --- | --- |
| •Нето зголемување / намалување на бројот на вработени во врска со предлогот | --- | --- | --- | --- |
| •Какви гаранции, заеми или други вистински или можни обврски ќе произлезат за Владата (а кои не се наведени во точка 11 А до 11 Г) | --- | | | |
| •Ако ова претставува барање за дополнителни средства во тековната фискална година или н надвир од нормалниот циклус на подготвување на буџетот, дајте образложение. | --- | | | |
| •Дата на завршување на проценката | --- | | | |

| | |
|---|---|
| | |
| •Дата на поднесување на анализата до Министерството за финансии за добивање мислење: | --- |
| •Дата на добивање на одговор од Министерството за финансии: | --- |
| •Измени побарани од Министерството за финансии: | --- |
| •Одговор на министерството-предлагач: | --- |
| •Одговор од Министерството за финансии: | --- |
| •Дали мислењето на Министерството за финансии е дадено во прилог: | --- |

**•Одобрено/Дата:**

**Потпис на државен секретар или директор на орган** / / 2012 год.

_______________________________

**Заменик Претседател на Влада и Министер за финансии** / /2012 год.
**м-р Зоран Ставрески**

_______________________________